Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА



**декември 2023 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

# СОДРЖИНА

Р Е З И М Е ..... 2
1. РЕАЛЕН СЕКТОР ..... 3
Индустриско производство ..... 3
Број на работници во индустријата ..... 4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 5
Број на извршени градежни работи по видови објекти ..... 6
Промет во секторот трговија ..... 6
Инфлација ..... 7
Берзански цени ..... 9
2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА ..... 10
Извоз ..... 10
Увоз ..... 12
Салдо на трговска размена ..... 13
Валутна структура ..... 13
3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР ..... 14
Буџетски приходи според економската класификација ..... 14
Буџетски расходи според економската класификација ..... 15
Расходи по буџетски корисници ..... 16
Буџетско салдо ..... 17
4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР ..... 18
Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ..... 18
Плати ..... 19
Пензии ..... 20
5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР ..... 21
Примарни пари ..... 21
Кредити на банките ..... 22
Каматни стапки на депозитни банки ..... 23
Пазар на капитал ..... 23
Девизни резерви ..... 23

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## декември 2023 година

- Во декември 2023 година, индустриското производство забележа пад од 5,8% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во декември изнесува 3,6% и таа е зголемена за 0,5 п.п во споредба со претходниот месец (3,1% во ноември 2023 година). На месечно ниво стапката на инфлација се зголеми за 0,2%. Годишната стапка на инфлација за 2023 година изнесува 9,4%;
- Во 2023 година извозот забележа раст од 0,3%, а увозот пад од 8,1%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 26,1% споредено со 2022 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – декември 2023 година изнесуваа 277.144 милиони денари, односно 31,0% од БДП, што претставува повисоко остварување за 14,0% во однос на истиот период од 2022 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – декември 2023 година изнесуваа 318.566 милиони денари, односно 35,6% од БДП, што е за 14,3% повеќе во однос на истиот период претходната година;
- Во декември 2023 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 5,1% на годишно ниво, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 8,7%.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во декември 2023 година, индустриското производство забележа пад од 5,8% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во сите сектори: Рударство и вадење камен од 3,0%, Преработувачка индустрија од 3,2%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 23,2%.




Раст на производството во декември 2023 година бележат 11 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 46,6% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, раст во декември 2023 година е забележан кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки од 31,5% со придонес од 3,3 п.п., производството на машини и уреди од 15,3% со придонес од 1,1 п.п. и производството на метали од 23,5%, со придонес од 1,4 п.п., а пад е забележан само во гранката производството на електрична опрема од 4,4% со придонес од -0,3 п.п..




Од традиционалните гранки, зголемување на производството во декември 2023 година се забележува кај производството на пијалаци за 2,1% и придонес од 0,1 п.п. и производството на текстил за 21,9% и придонес од 1,1 п.п., додека намалување се забележува кај прехранбената индустрија за 13,7%, со придонес од -1,4 п.п., производството на тутунски производи за 45,7% со придонес од -0,4 п.п., производството на облека за 17,2% со придонес од -1,2 п.п., производството на кожа за 24,2% со придонес од -0,2 п.п. и преработката на дрво и производи од дрво и плута за 48,1% и придонес од -0,6 п.п..

Намалување на индустриското производство според намената на произведените единици во декември 2023 година е резултат на намаленото производство во следните групи: Енергија (пад од 23,9% со придонес од -2,0 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 9,9% со придонес од -3,4 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 1,9% со придонес од -0,1 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 7,4% со придонес од -2,4 п.п.), з зголемување на производство се забележува само во групата Капитални производи (раст од 22,6% со придонес од 4,6 п.п.).


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

На кумулативна основа, во периодот јануари - декември 2023 година индустријата забележа раст од 0,7%, што се должи на зголеменото производство во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 13,0% (придонес од 0,9 п.п.), додека намалување на производство бележат секторите Рударство и вадење камен од 1,6% (придонес од -0,2 п.п.) и Преработувачка индустрија од 0,1% (придонес од -0,1 п.п.).







Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - декември 2023 година е регистриран во следните групи: Енергија (6,0%), Капитални производи (9,9%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (1,6%), а пад во гранките Интермедијарни производи, освен енергија (за 5,9%) и Трајни производи за широка потрошувачка (за 8,0%).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во декември 2023 година е зголемен за 3,8% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во секторите Рударство и вадење камен за 6,3% и Преработувачка индустрија за 4,0%, додека намалување на бројот на работници бележи секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,8%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките поправка и инсталирање машини и опрема за 42,1%, производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 21,3% и производство на текстил за 12,8%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во декември 2023 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст се забележува во групите Енергија од 3,7% и Капитални производи од 18,7%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - декември 2023 година бележи раст од 1,6%, што се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија за 2,1%, додека намалување на бројот на работниците бележат секторите Рударство и вадење камен за 1,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 4,3%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - декември 2023 година е зголемен само во групата Капитални производи, и тоа за 14,3%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Бројот на издадени одобренија за градење во декември 2023 година изнесува 293, што претставува значителен пад од 4,6% во однос на истиот месец од 2022 година, што се должи на годишниот пад на издадените одобренија за градење за објекти од високоградбата за 11,9% (тие учествуваат со 45,4% во вкупниот број издадени одобренија за градење) и за објектите за реконструкција за 4,1%. Споредено со ноември 2023 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 7,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во декември 2023 година е пониска за 9,9% на годишна основа, а во однос на претходниот месец бележи пад од 45,4%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење 133 (или 45,4%) се наменети за објекти од високоградба, 90 (или 30,7%) за објекти од нискоградба и 70 (или 23,9%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 293 издадени одобренија за градење на 151 објект (или 51,5%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 142 објекта (или 48,5%) деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во декември 2023 година предвидена е изградба на 439 станови со вкупна корисна површина од 35.489 м². Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 33,0% на месечно ниво, а за 39,7% на годишно ниво.

Графикон 1.5: Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.6: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(декември 2023)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.7: Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*





MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во ноември 2023 година изнесува 3.543 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 14,6%, при што кај нискоградбата се забележува раст од 61,9%, а кај високоградбата пад од 34,7%. Споредено со октомври 2023 година, вкупната вредност на извршените градежни работи бележи раст од 8,6%, и тоа кај нискоградбата за 12,9%, додека кај високоградбата се забележува пад од 1,2%. Кумулативно, во периодот јануари – ноември 2023 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 28.055 милион денари, што е за 4,0% повеќе во споредба со истиот месец минатата година.

Во рамки на извршените градежни работи поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која извршените градежни работи во првите единаесет месеци годинава изнесуваат 16.697 милиони денари, односно 12,9% повеќе во однос на истиот период минатата година. Вредноста на извршените работи кај високоградбата во овој период е намалена за 6,8% и изнесува 11.358 милиони денари.


Графикон 1.8.Трговија на мало, реална годишна промена (%)


На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - ноември 2023 година е намалена за 4,1%, при пад кај високоградбата (13,9%) и раст кај нискоградбата (3,9%).

## Промет во секторот трговија

Во декември 2023 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот од 2,5% по растот од 7,3% во ноември. Вредноста на прометот во декември 2023 година изнесува 71.117 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - декември 2023 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 767.228 милиони денари, што е за 6,9 % повеќе во однос на истиот период минатата година.

Кумулативно, во перидот јануари - декември 2023 позитивен раст на прометот е забележан во следните сектори: трговија со моторни возила, чија вредност на прометот изнесува 48.021 милион денари, односно за 16,9% повеќе во однос на истиот месец претходната година, трговија на големо 411.602 милиона денари или за 8,4% повеќе во споредба со иститот месец минатата година и трговија на мало 308.605 милиони денари, односно за 3,7% повеќе во однос на истиот месец минатата година.


Графикон 1.9 Извршени градежни работи (милиони денари)


На реална основа, трговијата на мало во декември 2023 година бележи годишен пад од 4,6%, додека анализирано по групи и класи намалување е забележано



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

кај сите групи: трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 0,9%, трговија на мало со непрехранбени продукти за 7,2% и трговијата на мало со автомобилски горива за 7,6%

Во декември 2023 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (53,63%), потоа Трговија на мало (39,40%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (6,97%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во декември 2023 година изнесува 3,6% и споредено со претходниот месец (3,1% во ноември 2023 година) таа е зголемена за 0,5 п.п. . Овој месец растот на годишно ниво се должи главно на базичната инфлација и на цените на храната.

Годишната стапка на инфлација за 2023 година изнесува 9,4%

Графикон 1.10: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Во декември 2023 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) изнесуваше 5,5% на годишна основа или намалена за 1,0 п.п. во споредба со ноември, откако три месеци по ред беше на нивото од 6,5%. Другите компоненти бележат забавување на растот на годишно ниво, а базичната инфлација поради преносниот ефект на цените од храната и енергијата е повисока и поупорна. Најголем позитивен придонес во базичната инфлација во декември имаат зголемените цени во категоријата Алкохолни пијалаци и тутун.

Графикон 1.11: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа раст од 1,6%, односно зголемување од 1,3 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесуваат 1,6% на годишно ниво, при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во декември изнесува 0,7 п.п.. Мерката за намалување на цените на основните прехранбени производи за 10%, кои во малопродажбата се продаваат со ознаката „гарантирана цена“, е сè уште во сила, но цените на зеленчукот и овошјето овој месец регистрираа раст. Најголем позитивен придонес во растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа следните поткатегории: зеленчук (годишен раст од 12,6%, придонес од 0,6 п.п.), овошје (годишен раст од 14,2%, придонес од 0,3 п.п.) и месо (годишен раст од 2,6%, придонес од 0,2 п.п.). Негативен придонес во растот на цените на храната имаа: млеко, сирење и јајца (-0,4 п.п.), масло (-0,3 п.п.) и леб (-0,1 п.п.)



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во декември 2023 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 11,0%. Раст на цените е регистриран и во другите категории, и тоа: Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 7,4%, Рекреација и култура од 7,0%, Разновидни стоки и услуги од 6,5%, Ресторани и хотели од 6,3%, Здравствена заштита од 5,3%, Облека и обувки од 4,6%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,5%, Образование од 2,8% и Комуникации од 2,2%. Намалување се забележува единствено во категоријата Транспорт (0,4%).

Во декември, потрошувачките цени се зголемија за 0,2% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,1%). На месечно ниво цените на храната се намалија за 0,2% и најголем придонес во намалувањето имаше падот на цените на овошјето. Овој месец, освен во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, цените се намалија и во категориите Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 0,5%, Ресторани и хотели од 0,2% и Комуникации од 0,1%.

Графикон 1.12: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




Раст на цените на месечно ниво е регистриран во следните категории: Транспорт од 2,7%, Рекреација и култура од 1,7%, Облека и обувки од 0,8%, Здравствена заштита од 0,5%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Домување, вода, електрична енергија и гас од по 0,2%.

Цените во другите категории останаа непроменети.

Во декември 2023 година, цените на мало се зголемија за 3,7% на годишно ниво. На месечна основа, пак, тие регистрираа раст од 1,0%

Во декември 2023 година, стапката на инфлација во еврозоната регистрира зголемување за 0,5 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 2,9% (2,4% во ноември). Храната и понатаму останува релативно скапа. ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација за еврозоната во надолна насока, и тоа 0,2 п.п. за 2023 година и 0,5 п.п за 2024 година, додека стапката на инфлација за 2025 година останува иста. Согласно проекциите, стапката на инфлација во 2023 година би достигнала 5,4%, во 2024 2,7%, во 2025 2,1% и во 2026 година 1,9%.

Во 2024 година се очекува постепено намалување на инфлацијата, а на крајот од годината главните компоненти на инфлацијата да се намалуваат со што ќе се постигне таргетот на ЕЦБ од 2,0% во втората половина од 2025 година.

## Берзански цени

Во декември 2023 година, цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи се намали за 6,4% на месечно ниво и изнесуваше 77,9 долари за барел. Цената на нафтата веќе 3 месеци по ред регистрира пад како резултат на стивнувањето на тензиите на Блискиот Исток и забавениот економски раст на еврозоната. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 3,8%.




Во декември 2023 година, цената на природниот гас регистрира пад од 13,8% на месечно ниво. На годишно ниво, пак, цената на природниот гас во декември 2023 година се намали за 62,3%. Овој тренд на намалување на цената на природниот гас започна при крајот на 2022 и продолжи во 2023 година.

Во 2023 година се забележува стабилизирање и намалување на цените на енергентите на светските и регионалните берзи, по значителниот раст во текот на 2021 и 2022 година. Цената на електричната енергија во декември 2023 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 81,72 евра за мегават/час и на месечно ниво е намалена за 17,8%, а на годишно ниво за 55,4%.




Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија

Во декември 2023 година, цените на повеќето основните метали регистрираа пад. На месечно ниво се намалија цените на оловото за 7,4%, никелот за 3,3% и цинкот за 1,6%. На месечно ниво се зголемија цените на бакарот за 2,6% и калајот за 1,8%. Цената на железната руда регистрира раст од 4,6% на месечна основа.




Цената на златото во декември се зголеми за 2,1%. Трендот на зголемување го следеа и другите благородни метали, па така платината и среброто се зголемија за 3,3% и 1,7%, соодветно.

Цената на пченката во декември се намали за 2,2% на месечна основа, додека цената на пченицата се зголеми за 5,8%. Цената на сончогледовото масло остана непроменета на месечно ниво.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во 2023 година изнесува 19.471,4 милиони евра и бележи пад од 4,7% во однос на 2022 година.

Во 2023 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 2,2 п.п. споредено со 2022 година и изнесува 61,8%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во 2023 година изнесува 24,8% и е зголемено за 1,4 п.п. во однос на 2022 година.




### Извоз

Вредноста на извезените стоки во 2023 година изнесува 8.322,8 милиони евра и бележи раст од 0,3% (23,2 милиона евра) во однос на 2022 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 4,8%.

Вредноста на извезените стоки во декември 2023 година изнесува 658,4 милиони евра и бележи раст од 1,3% (8,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2022 година, а физичкиот обем на извозот е намален за 2,9% споредено со декември 2022 година.

[1] Започнувајќи од декември 2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Анализирано на месечно ниво, во декември 2023 година извозот бележи пад од 8,4% (60,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен пад од 0,2%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (8,2 п.п.) врз извозот овој месец.




Вредноста на извозот на храна во 2023 година е зголемена за 42,8 милиони евра, што претставува раст од 9,5% во однос на 2022 година. Растот на вредноста на извозот на храна се должи главно на зголемените цени на храната на меѓународниот пазар, имајќи предвид дека количината на извезената храна е намалена за 3,9%. Учеството на храната во структурата на вкупниот извоз на нашата земја во 2023 година изнесува 5,9% и е зголемено за 0,5 п.п. во однос на 2022 година.

Анализирано според економските групации[2] на земјите, во 2023 година споредено со 2022 година извозот бележи раст во групациите ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион, а пад во групациите Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 0,7% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан раст од 4,7%, при што учеството на извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија изнесува 78,7% и 12,6%, соодветно.




[2] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот рРегион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).



Графикон 2.4: Структура на извозот по економска намена (учества во %)



Графикон 2.5: Структура на увозот по економска намена (учества во %)

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во 2023 година изнесува 11.148,5 милиони евра и бележи пад од 8,1% (976,7 милиони евра) во однос на 2022 година, а физичкиот обем на увозот раст од 1,6%.

Вредноста на увозот во декември 2023 година изнесува 959,8 милиони евра, што претставува пад од 5,3% (54,0 милиони евра) во однос на истиот месец од 2022 година, а увезените количини стоки се зголемени за 9,0% споредено со декември 2022 година.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2023 година увозот бележи раст од 0,2% (2,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот тој регистрира месечен пад од 3,4%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (3,6 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во 2023 година е зголемена за 81,7 милиони евра, што претставува раст од 9,1% во однос на 2022 година. Растот на вредноста на увозот на храна делумно се должи на зголемените цени на храната на меѓународниот пазар, имајќи предвид дека количината на увезената храна е зголемена за 2,4%. Учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја во 2023 година изнесува 8,8% и е зголемено за 1,4 п.п. во однос на 2022 година.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2022 | I-XII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 155,8 | 128,9 | -26,9 | -17,3 |
| Мил.ЕУР | 153,2 | 101,2 | -51,9 | -33,9 |
| Мил.$ | 161,0 | 109,4 | -51,5 | -32,0 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2022 | I-XII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 1.280,1 | 1.190,8 | -89,3 | -7,0 |
| Мил.ЕУР | 1.133,8 | 876,1 | -257,7 | -22,7 |
| Мил.$ | 1.188,1 | 947,4 | -240,7 | -20,3 |

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2022 | I-XII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 77,4 | 77,7 | 0,4 | 0,5 |
| Мил.ЕУР | 2.505,6 | 2.392,5 | -113,1 | -4,5 |
| Мил.$ | 2.634,1 | 2.587,6 | -46,5 | -1,8 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2022 | I-XII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 30,5 | 30,8 | 0,3 | 1,0 |
| Мил.ЕУР | 182,7 | 189,7 | 7,0 | 3,8 |
| Мил.$ | 192,8 | 205,1 | 12,3 | 6,4 |

| Извоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2022 | I-XII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 661,1 | 654,3 | -6,8 | -1,0 |
| Мил.ЕУР | 769,4 | 572,6 | -196,8 | -25,6 |
| Мил.$ | 819,9 | 619,1 | -200,8 | -24,5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2022 | I-XII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 749,1 | 673,8 | -75,2 | -10,0 |
| Мил.ЕУР | 663,9 | 495,5 | -168,4 | -25,4 |
| Мил.$ | 703,3 | 535,3 | -168,0 | -23,9 |

## Салдо на трговска размена

Во 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 26,1% односно 999,9 милиони евра споредено со 2022 година.

Во декември 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 17,1%, односно 62,1 милион евра споредено со декември 2022 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и од зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.




Во 2023 година, 76,9% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Турција, Италија, Србија, Полска, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Унгарија, Чешка и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 91,9% од трговската размена во 2023 година е реализирана во евра, што во однос на 2022 година претставува зголемување за 1,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 94,9% и 89,6%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 2,2 п.п., а кај увозот за 1,1 п.п. во однос на 2022 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-XII-2022 | | | | | I-XII-2023 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 5 433,1 | 10 726 561 128 | 61,6219 | 660 991 077 178 | 88,5 | 6 031,8 | 9 985 564 739 | 61,5570 | 614 681 408 646 | 89,6 | -740 996 389 | -6,9 |
| УСД | 1 457,6 | 1 382 480 564 | 58,5999 | 81 013 222 786 | 10,8 | 962,9 | 1 151 168 003 | 56,9426 | 65 550 499 133 | 9,6 | -231 312 561 | -16,7 |
| ГБП | 1,8 | 21 419 858 | 72,3059 | 1 548 782 085 | 0,2 | 2,0 | 24 145 786 | 70,7835 | 1 709 123 270 | 0,2 | 2 725 929 | 12,7 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 6 892,6 | | | 743 553 082 049 | 99,3 | 6 996,7 | | | 681 941 031 049 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 6 907,5 | | | 747 191 285 744 | 100,0 | 7 014,9 | | | 686 299 500 351 | 100,0 | | -8,1 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Во периодот јануари – декември 2023 година, вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 277.144 милиони денари, односно 31,0% од БДП, што претставува повисоко остварување за 14,0% во однос на истиот период од 2022 година. Во споредба со декември претходната година, буџетските приходи бележат зголемување за 21,0%, што произлегува од позитивниот придонес на даночните приходи и придонесите и во помал обем на неданочните приходи (придонес од 15,3 п.п., 4,8 п.п. и 1,1 п.п. соодветно). Притоа, во декември 2023 година даночните приходи забележаа раст од 28,6% на годишна основа, како резултат на зголемувањето на приходите по основ на сите видови даноци.

Во периодот јануари – декември 2023 година, реализацијата на даночните приходи изнесува 155.898 милиони денари и во однос на периодот јануари – декември 2022 година тие се повисоки за 10,9%, што се должи на растот на приходите од данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите, увозните давачки и други даночни приходи.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 44,9% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 70.036 милиони денари и бележат зголемување од 8,1% во однос на периодот јануари – декември претходната година. Притоа, годинава ДДВ е наплатен во бруто-износ од 108.784 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 38.734 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 0,7%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 13,4% споредено со 2022 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз, којшто забележува пониско остварување за 5,4%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување за 11,5%. Акцизите се остварени во износ од 26.818 милиони денари (учество од 17,2% во даночните приходи), што претставува зголемување од 5,2% во споредба со периодот јануари – декември 2022 година. Следствено, приходите од овие два индиректни данока изнесуваат 96.854 милиони денари, што претставува 62,1% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – декември 2023 година.

Приходите од данокот на личен доход изнесуваа 27.257 милиони денари, што претставува раст од 14,3% на годишна основа, а притоа 66,4% од приходите се од плата и други лични примања, 8,1% од приходи од капитал, 8,8% од приходи по основ на договор на дело, 6,3% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 10,4% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во периодот јануари – декември 2023 година изнесуваа 16.927 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 7,3% во однос на истиот период претходната година, што се должи на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 13,2%, а даночните биланси се намалени за 5,8%.

Приходите од царина изнесуваа 11.244 милиони денари и забележаа зголемување од 12,7%. Приходите од други даноци со остварен износ од 3.616 милиони денари забележаа значително зголемување за 439,7% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси изнесуваа 92.622 милиона денари, што претставува поголемо остварување за 19,3% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 19,2%, кај придонесите за вработување за 19,5% и кај придонесите за здравствено осигурување за 19,5%.

Неданочните приходи изнесуваа 16.882 милиона денари и во однос на периодот јануари – декември 2022 година забележаа пониско остварување за 1,8% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди изнесуваа 2.071 милион денари, што преставува намалување од 8,9% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка беа остварени во износ од 7.836 милиони денари или за 128,0% повисоки во однос на истиот период од 2022 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – декември 2023 година изнесуваа 318.566 милиони денари, односно 35,6% од БДП, што е за 14,3% повеќе во однос на истиот период претходната година. Во споредба со декември претходната година, буџетските расходи бележат зголемување за 17,7%, што се должи на зголемувањето на тековните трошоци за 14,2% и на капиталните трошоци за 28,0%.

Во структурата на реализираните вкупни расходи во периодот јануари – декември 2023 година, тековните расходи во износ од 275.042 милиона денари учествуваа со 86,3% што претставува зголемување за 10,0% во однос на периодот јануари – декември 2022 година.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 36.877 милиони денари, што претставува зголемување за 14,7% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 11,6%.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 21.117 милиони денари и споредено со периодот јануари – декември 2022 година забележаа зголемување од 0,6%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 204.129 милиони денари. Средствата за трансфери бележат раст од 8,8% во однос на периодот јануари – декември 2022 година, а учествуваа со 64,1% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 13,0% се забележува кај социјалните трансфери кои изнесуваа 148.867 милиони денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 46,7%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, изнесуваа 90.139 милиони денари, што претставува зголемување за 15,0% споредено со периодот јануари – декември 2022 година. Нивното учество во вкупните расходи изнесува 28,3%. Во категоријата други трансфери е регистрирано намалување од 1,7%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваа 25.561 милион денари што претставува намалување за 16,4%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 23.911



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

милиони денари бележат зголемување од 16,9% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи изнесуваа 43.524 милиони денари со структурно учество од 13,7% во вкупните расходи, така што забележаа повисока реализација за 52,0% во споредба со периодот јануари – декември 2022 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – декември 2023 година, Министерството за труд и социјална политика реализира 55.263 милиони денари или 99,7% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (64,7%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 35.750 милиони денари или 100,0% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 24,7% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 99,9% (13.647 милиони денари) од планираните за 2023 година.



Графикон 3.3: Буџетски остварувања (во %)
Извор: МФ.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 33.625 милиони денари, што е 96,1% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (60,0%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 20.165 милиони денари или 99,2% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,9%, за што се потрошени 5.690 милиони денари, односно 98,6% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – декември 2023 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 12.661 милион денари, што претставува 98,0% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 68,8%, за што се потрошени 8.714 милиони денари или 100,0% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 18,8%, и за таа намена се реализирани 2.384 милиони денари или 97,8% од годишниот план.



Графикон 3.4: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели (*декември 2023 година*)
Извор: МФ.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 9.411 милиони денари што претставува 91,4% од планираните средства за тековната година. Реализацијата на средствата за субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 89,6% во вкупните расходи, изнесува 95,8% од планираните средства за цела година, односно 8.437 милиони денари.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Во периодот јануари – декември 2023 година, Министерството за одбрана реализира 14.659 милиони денари, што е 97,2% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 37,0%, па за таа намена реализацијата изнесува 5.426 милиони денари (99,9% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 28,9% во вкупните расходи, и за оваа ставка се потрошени 4.233 милиони денари, односно 94,5% од вкупно предвидените.

Во текот на овој период Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 9.733 милиони денари, односно 97,5% од планираните средства за 2023 година. Притоа, капиталните расходи учествуваат со 55,0% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 5.356 милиони денари (99,7% од предвидените средства).

Во периодот јануари – декември 2023 година, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 6.634 милиони денари или 92,1% од вкупниот буџет за 2023 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 46,7%, за што се потрошени 3.100 милиони денари или 100,0% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 3.013 милиони денари (94,9% од планираното за годината) и учество од 45,4% во вкупните расходи.

Во овој период Министерството за транспорт и врски реализира 19.840 милиони денари, што е 98,7% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 95,1% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (18.868 милиони денари или 99,4% од вкупно планираните средства).

Во периодот јануари – декември 2023 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира 1.467 милиони денари, што претставува 89,9% од предвидените за 2023 година. Капитални расходи (579 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 39,5%, а реализацијата изнесува 83,4% од вкупно планираните. По основ на плати и надоместоци отпаѓаат 37,2% од вкупните расходи, за што се реализирани 546 милиони денари или 99,5% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – декември 2023 година, дефицитот во Буџетот на Република Северна Македонија изнесува 41.422 милиона денари, што претставува 4,6% од БДП, а дефицитот на Централниот буџет 39.094 милиони денари или 4,4% од БДП. Буџетскиот дефицит во овој период изнесува 96,9% од вкупно планираниот буџетски дефицит за 2023 година.

Графикон 3.5. Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во декември 2023 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 209.976 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2022 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 2,9%. Бројот на новозасновани работни односи почнувајќи од април 2021 година до средината на 2022 година бележи тренд на позначителен годишен раст, а во периодот потоа е на релативно стабилно ниво. Трендот на раст, меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.



Графикон 4.1: Преглед на невработени лица *(износи во единици)*

Од вкупниот број нововработени, 40,9% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во декември 2023 година, 12,3% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во декември 2023 година изнесува 152.741, од кои 105.452 лица се активни баратели на работа, а 47.289 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 4,4%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на ноември 2023 година бројот на невработени е зголемен за 5.262 лица. Бројот на невработени лица во 2020 година па сè до февруари 2021 година генерално беше во пораст, а почнувајќи од март 2021 година бележи тренд на месечно намалување.



Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања *(износи во единици)*

Најголем дел од активните невработени лица (59,4%) е градско население, а според половата структура 48,0% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,8%, е со непотполно средно образование или помалку, 23,7% со завршено средно образование, а 7,6% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 50,3% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 59,3% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 12,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во ноември 2023 година изнесуваше 38.359 денари и оствари годишен раст од 16,2%, а во однос на октомври 2023 година таа е пониска за 1,2%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на ноември 2022 година се забележува во следните сектори: Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (23,8%), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (22,0%), Снабдување со вода; отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (19,4%). Во ноември 2023 година, реалните плати забележаа годишен раст од 12,7%.

Највисока просечна нето-плата во ноември 2023 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (70.745 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (93.223 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности за осигурување со 52.551 денар, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 52.302 денара, секторот Рударство и вадење камен со 46.543 денари и секторот Стручни, научни и технички дејности со просечно исплатена нето-плата во висина од 45.243 денари.

Просечната номинална бруто-плата во ноември 2023 година изнесува 57.609 денари и споредено со истиот месец од 2022 година порасна за 16,6%, а на месечна основа е пониска за 1,3%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во ноември 2023 година во однос на ноември 2022 година се забележува во следните сектори: Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (24,4%), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (22,4%), Снабдување со вода; отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (20,0%).



Графикон 4.3: Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*
Извор: ДЗС



**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*
Извор: ДЗС



Графикон 4.5: Просечна нето-плата по сектори, ноември 2023 година
(во илјада денари)
Извор: ДЗС.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Пензии




Во декември 2023 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 336.977 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 70,0% се корисници на старосна пензија, 22,0% на семејна пензија и 8,0% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во декември 2023 година изнесува 20.176 денари или за 13,9% повисока во однос на истиот месец од 2022 година[3]. Растот на пензиите е резултат меѓу другото и на мартовското усогласување на пензиите според новата методологија која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во ноември 2023 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,6%.

Во декември 2023 година просечната **старосна** пензија изнесува 21.774 денари, просечната инвалидска пензија 17.914 денари, а просечната семејна пензија 15.914 денари. За исплата на пензиите овој месец се потрошени 7.137 милиони денари, што претставува 48,3% од вкупните социјални трансфери.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во декември 2023 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на 6,30%. Затегнувањето на монетарната политика е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација и инфлациските очекувања со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.

Во декември, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена изнесуваат 4,20% и 4,25%, соодветно.



Извор: НБРСМ.

## Примарни пари

Во декември 2023 година, примарните пари[4] се намалија за 2,3% на месечно ниво. Падот на примарните пари се должи на намалувањата на вкупните ликвидни средства за 7,1%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 3,3%.

На годишно ниво, примарните пари регистрираа раст од 11,2%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек за 17,2% и 6,2%, соодветно.

## Депозитен потенцијал[5]

Во декември 2023 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 4,0% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на претпријатијата се зголемија за 6,6%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 3,5%.



Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во декември 2023 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и во странска валута се зголемија за 6,4% и 1,1%, соодветно.

Во декември 2023 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 8,7% на годишна основа. Анализирано според валутата, на годишно ниво депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 11,6% и 5,1%, соодветно.

---

[4] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[5] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 13,2% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 7,9%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (декември 2023 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***534.241*** | ***4,0%*** | ***8,7%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *304.198* | *6,4%* | *11,6%* |
| *Странска валута* | *230.042* | *1,1%* | *5,1%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *215.859* | *-0,5%* | *0,6%* |
| *Долгорочни* | *117.887* | *2,7%* | *21,1%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***444.721*** | ***1,3%*** | ***5,1%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *257.796* | *1,3%* | *6,0%* |
| *Странска валута* | *186.925* | *1,3%* | *3,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *66.975* | *4,5%* | *-5,0%* |
| *Долгорочни* | *362.930* | *1,6%* | *7,4%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 0,6%, а долгорочните депозити за 21,1%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 56,9%, а во последните два месеца бележи раст.

## Кредити на банките

Во декември 2023 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,3% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на домаќинствата за 0,5% и на кредитите кон претпријатијата за 2,2%.

Од аспект на валутата, во декември 2023 година денарските и девизните кредити се зголемија за по 1,3% на месечна основа.

На годишна основа, во декември 2023 година вкупните кредити се зголемија за 5,1%, во услови на раст на кредитите на претпријатија и кредитите кон домаќинствата за 3,3% и 6,7%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 6,0%, а кредитите во странска валута за 3,9%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,4%, додека краткорочните кредити се намалија за 5,0%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во декември 2023 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесуваше 5,47%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,02 п.п. на месечно ниво и изнесуваше 5,74%, а на девизните кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесуваше 5,13%.

Во декември 2023 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,05 п.п. во однос на минатиот месец и изнесуваше 1,79%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,04 п.п. на месечно ниво и изнесуваше 2,27%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,05 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесуваше 1,39%.



Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*
Извор: НБРСМ.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесуваше 5,61%, а на новоодобрените девизни кредити 4,44%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваа 2,80% и 1,99%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во декември 2023 година вкупниот промет на берзата се намали за 6,0% на месечно ниво, како резултат на падот на прометот од блок трансакциите за 75,1%, додека прометот од класичното тргување се зголеми за 1,9%.

Вкупниот промет на берзата во декември 2023 година изнесуваше 326,3 милиони денари што претставува зголемување за 14,1% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на декември 2023 година изнесуваше 6.116,23 индексни поени, при што на месечно ниво тој е зголемен за 1,16%, а во однос на истиот месец претходната година за 8,2%.



Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*
Извор: МБ.

## Девизни резерви

На крајот на декември 2023 година, бруто девизните резерви изнесуваа 4.538,5 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 14,5%, а во однос на декември 2022 година за 17,5%.